„Сè е предодредено, дури и немоќта и способноста, или способноста и немоќта.“

Од Тавус се пренесува дека рекол: „Сретнав некои од асхабите на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кои велеа дека сè е предодредено. Го слушнав Абдулах бин Омер, Аллах нека е задоволен од него, како вели: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Сè е предодредено, дури и немоќта и способноста, или способноста и немоќта.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснил дека сè е предодредено: Дури и немоќта, која во овој контекст се однесува на оставањето на обврските, одложувањето и оддолжувањето на она што треба да се направи во точното време, било да се работи за овосветските или ахиретските дела. Дури и способноста која подразбира активност и вештина при извршување на обврските, без разлика дали се однесуваат на овосветските или ахиретските дела. Возвишениот Аллах ја предодредил и немоќта и способноста, како и сè друго. Ништо не се случува освен според Неговата волја и совршено знаење.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65039